## РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТОТ, СПОРТСКАТА РЕКРЕАЦИЈА И ФИЗИЧКОТО ВОСПИТУВАЊЕ НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ ВО БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент во Битола, објавен во весниците Нова Накедонија и Лајм од 23. 08. 2017 година, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за група предмети од полето на Организациони науки и управување (менаџмент), за наставно-научната област (дисциплина) 50624, Менаџмент во спортот, спортската рекреација и физичкото воспитување и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-25/6, донесена на 22.09.2017 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Милан Наумовски, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, д-р Горан Никовски, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје и д-р Роберт Христовски, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент) за наставно-научната област (дисциплина) Менаџмент во спортот, спортската рекреација и физичкото вопитување, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, доц. д-р Виктор Митревски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. д-р Виктор Митревски е роден на 28. 03.1963 година, во Битола. Средно образование завршила во Демир Хисар во гимназијата Крсте Петков Мисирков. Со високо образование се стекнал на Факултето за физичка култура, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во 1988 година.

Кандидатот активно се служи со англиски, српски, хрватски и бугарски јазик.

Во 2009 година, го одбранил магистерскиот труд на тема: *Проверка на критериумите за оценување во наставата по спорт и спортски активности.*

Дисертацијата на тема: *Разлики во постигањата и резултатите по предметот физичко воспитување и образование и спорт кај учениците од некои Балкански држави*, ја одбранил во 2012 година, на Факултетот за физичка култура при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, пред Комисија во состав: Доцент д-р Георги Георгиев, вонреден професор д-р Жарко Костовски, проф. д-р Вујица Живковиќ, проф. д-р Роберт Христовски и проф. д-р Небојша Марковски, со што се стекнал со научниот степен доктор на науки по кинезиологија.

На 05.03.2013 година е избран во звањето доцент на БАС ИМ во наставно – научната област менаџмент во спортот.

Врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот, Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот, од последниот избор до денот на пријавата.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно - образовната дејност на БАС, кандидатот Виктор Митрервски изведува настава, вежби, теренска настава, менторска настава, синергирање и студирање на далечина на прв циклус студии на студиската програма Оперативен менаџмент и на втор циклус студии на студиската програма Стратегиски менаџмент, конкретно следните наставни предмети: Планирање и менаџирање на спортски настани; Проценка на спортска изведба – скаутинг; Дизајнирање и продажба на настани; Однесување на учесниците на забавни настни; Методологија со статистика на истражувањето во бизнисот.

Кандидатот бил ментор на 2 специјалистички трудови, од кои 1 одбранет, а другиот е уште во постапка на менторирање.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 6 специјалистички трудови и 3 дипломски работи.

Кандидатот е автор на еден рецензиран учебник под наслов *Менаџмент во спортот*, издаден во 2014 година.

*Конкретните активности на кандидатот се опишани во Анексот, кој се доставува во прилог на овој реферат.*

### Научно истражувачка дејност

Доц. д-р Виктор Митревски има објавено вкупно 27 (дваесет и седум) научни трудови од областа на менаџментот во спортот, од кои 6 (шест) научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), за кои кандидатот достави и потврда за факторот на влијание и документ за прифатеност и исплата на три труда од страна на Министерството за образование и наука, 11 (единаесет) трудови во меѓународни научни списанија, 10 трудови во зборници од научни собири, 5 (пет) трудови објавени во Зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор и 5 (пет) трудови од научен/стручен собир.

Доц. д-р Виктор Митревски има учествувано во два национални истражувачки проекти, во рамките на Макро проектот, *Развивање на стратегиски фокусирани организации за конкурентност*, за што кандидатот поднесе писмен доказ, односно копија од Извештајот, кој може да се најде и на официјалната страна на БАС Институтот за менаџмент во Битола и проектот, Impact evaluation of the training on the new law on criminal procedure – OSCE, Mission to Skopje.

*Конкретните активности се опишани во Анексот, кој се доставува во прилог на овој реферат.*

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Доц. д-р Виктор Митревски, активно е вклучен во стручно - апликативната работа на БАС Институтот за менаџмент во Битола и Бизнис Академија Смилевски БАС во Скопје. Остварил експертски активности во студиски програми за прв и втор циклус на студии.

Особена активност, кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи, комисија за самоевалуација, член во Рецензентски комисии за избор во звања и сл.

Активен допринос има дадено во делот на статистичка обработка на податоци во поголем број проекти и трудови, како и во една монографија.

Кандидатот активно е вклучен во организација на спортски настани и натпреварувања во училишниот спорт на регионално и државно ниво, во организација на Федерацијата за училишен спорт во Македонија (ФУСМАК).

Кандидатот е учесник во предавања од јавен интерес, како што е Forum: „Sport at working place", како и на други дебати и трибини.

Добитник е на 11 Сертификати за учества на Конференции, трибини, работилници, курсеви и семинари.

Исто така, во последните пет години посетил 3 обуки кои се однесуваат за подобрување на наставните вештини и подобрување на наставата.

Ментор е на помлад наставник, за предмети од областа на менаџмент во спортот.

*Конкретните активности се опишани во Анексот и професионалната биографија на кандидатот, кој се доставуваат во прилог на овој реферат.*

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот Митревски, во текот на повеќе семестри претходно, како и при последната евалуација за 2016/2017 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Бизнис Академија Смилевски.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личните контакти со кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Виктор Митревски.

Врз основа на презентираните податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Виктор Митревски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент во Битола, ги исполнува сите услови да биде избран во наставно - научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно - научната област (дисциплина) Менаџмент во спортот, спортската рекреација и физичкото воспитување.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на БАС Институтот за менаџмент во Битола, доц. д-р Виктор Митревски да биде избран во наставно – научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно – научната област (дисциплина) Менаџмент во спортот, спортската рекреација и физичкото воспитување.

03.11.2017 година

Битола,

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Д-р Милан Наумовски, редовен професор**

_______________________

2. **Д-р Роберт Христовски, редовен професор**

_______________________

3. **Д-р Горан Никовски, редовен професор**

_______________________